Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

________________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 488-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 29-ти мај 2024 година**

Седницата се одржа на ден: 29.05.2024, среда во 10:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **Ханиф Зендели** заменик претседател *(присутен online)*;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **м-р Антоанета Димовска**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Миљазим Мустафа**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член.

Отсутни членови:

- **Лорета Горгиева**, член *(користи боледување)*;
- **м-р Ивица Николовски**, член *(службено отсутен)*;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член *(користи годишен одмор)*;
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд *(известила за причините за отсуство)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет, но не известил за причините за отсуство)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар;
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт;
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник.

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Согласно чл.8 ст.1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 488-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин:

Пријавените претставки од страна на членот на Советот Лорета Горгиева поради нејзино отсуство се повлекуваат.

По претходен договор пријавените претставки од страна на членот на Советот Ивица Николовски кој е отустен ќе ги реферира членот на Советот Антоанета Димовска, а пријавените претставки од страна на заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели кој е отустен ќе ги реферира членот на Советот Селим Адеми.

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

Откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор претседателот на Советот Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За" и ниту еден глас „Против" е усвоен следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на:
- Записник од 483-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 01.04.2024 година;
- Записник од 484-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 18.04.2024 година;
2. Разгледување на предлог Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија;
3. Разгледување на предлог Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд;
4. Донесување на одлуки за определување на ВД претседатели на Основен суд Радовиш и Основен суд Струмица;
5. Разгледување на извештаи за работата на судовите во Република Северна Македонија за првото тромесечие за 2024 година;
6. Донесување на одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Гостивар и Основен суд Кавадарци;
7. Разгледување на барање од судија за надоместок за закупнина на стан;
8. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:
- УПП бр.08-146/24, 166/24;
- УПП бр.08-121/24;
- УПП бр. 08-65/24, 85/24, 124/24, 137/24;
- УПП бр. 08-117/24, 139/24, 149/24, 165/24;
- УПП бр. 08-46/24, 52/24, 96/24, 106/24, 125/24, 138/24;
- УПП бр. 08-24/24, 101/24, 116/24, 126/24, 133/24, 153/24;
- УПП бр. 08-343/23, 145/24, 155/24;

- УПП бр. 08-142/24 и
- УПП бр.08-405/23, 78/24, 118/24, 128/24, 150/24, 168/24.

9. Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд и
10. Разно.

**Точка 1**

(Записник од 483-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 01.04.2024 година и Записник од 484-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 18.04.2024 година)

● Претседателот на Советот отвори расправа по Записник од 483-та седница на Судскиот совет на РСМ од 01.04.2024 година.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека записникот ќе го гласа, бидејќи не сака да опструира и да се смета дека Судскиот совет работи неажурно, но укажа до ВД Генералниот секретар да се води сметка за формата и начинот на изготвување на записниците. Посочи дека записникот само во дел е во наративна форма и има огромен број на технички грешки. Нагласи дека записниците се огледало на работата на Судскиот совет и истите се објавуваат јавно, па во иднина нема да поддржи таков записник. Укажа дека Записникот мора да се преработи и да се исправат сите технички грешки и формата да биде целосно во наративна форма, бидејќи е непријатно да се објави на веб страната на Советот без забелешки.

За збор се јави членот на Советот Миљазим Мустафа и наведе дека добро е за во иднина како би немало забелешки на записниците претседателот на Судскиот совет заедно со ВД Генералниот секретар да одредат лица коишто ќе бидат специјализирани за изготување на записници, а не да се поставуваат на записник лица на кои им преставува пречка јазикот, односно на кои македонскиот јазик не им е мајчин јазик. Посочи дека не би требало да се постапува на таков начин со колегите кои го дале својот максимум при составување на записниците.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека тоа е изводливо во ситуација кога Судскиот совет ќе има доволен број на вработени. Познато е дека неколку пати се бараат нови вработувања, а сега е и изборен процес, па не се пополнети сите места и нема доволен број на советници. Што значи дека еден советник е со тројца или четворица членови и не може истиот да биде и на записник. Укажа дека не и била таа намерата, записникот во општо не наликува на записник, а тоа не е до мајчиниот јазик. Целиот записник е конфузен и има изврнтени факти. Посочи дека во секој случај ВД Генералниот секретар во иднина ќе мора да го надмине проблемот.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

● Претседателот на Советот отвори расправа по Записник од 484-та седница на Судскиот совет на РСМ од 18.04.2024 година.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека на страна 15 стои дека по гласањето се констатира дека едногласно со 10 гласа „За“ и 2 гласа „Против“ е донесена одлука. Посочи дека во тој момент Судскиот совет не брои 12 членови, што значи дека очигледно има техничка грешка, па потребно е истото да се провери.

Откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор претседателот на Советот записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен со констатираните забелешки.

*Забелешка: За усвојување на предметните записници не гласа членот на Советот Миљазим Мустафа од причина што не присуствувал на предметните седници.*

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 1-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од дневниот ред.

**Точка 2**

(Разгледување на предлог Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија)

● По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше дека согласно законската надлежност на Судскиот совет од чл.36 ст.1 ал.18 од Законот за Судски совет е предвидено дека Советот е надлежен да донесе Деловник и други општи акти со кој ги уредува работите од својата надлежност. За таа цел била формирана работна група и понатаму Судскиот совет преземал одредени дејствија.

Укажа дека измената и дополнувањето на Деловникот којшто е предмет на денешната расправа и одлучување била неопходна активност во насока на имплементација на дадените препораки на ЕУ којшто биле упатени до Судскиот совет, а биле нотирани во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ, за кое Судскиот совет усвоил и Акциски план.

Посочи дека како препорака наведена била образложување на одлуките за именување, особено ако судиите кои се прворангирани не се избрани и Судскиот совет дава предност на кандидат со пониско рангирање. Одлуките треба да бидат индивидуализирани, да се засноваат на објективни стандарди, да бидат конзистентни и компаративни. Стандардните образложенија не треба да се користат во процесот.

Нагласи дека наредната препорака е да се образложат одлуките на погоре опишаниот начин и од истите причини кога одлуката е донесена да не се избере ниту еден од кандидатите рангирани за судиската функција. За спроведување на препораката покрај писмено изготвување на одлуките во смисла на образложение според кажаното на седницата во кој дел Судскиот совет има значителен напредок неопходно е секој член на Судскиот совет со право на глас задолжително на седницата на која се врши избор на

судија да ја образложи својата одлука за избор или неизбор на судијата. Тоа е наведено во чл.23 ст.5 од измените на Деловникот кои ќе бидат предмет на дискусија на денешната седница. По ст.5 предвиден е нов ст.6 во кој е наведено дека одлуките треба да бидат индивидуализирани, да се засноваат на објективни стандарди, да бидат конзистентни и компаративни. Со таа измена и дополнување на Деловникот на седницата кога ќе се одлучува за избор на судија или претседател на суд ќе биде имплементирана активноста на мерката. Нема да се продолжи со праксата кога одредени членови не даваат образложение зошто гласаат против, иако и во тој случај биле должни да го образложат својот став. Облигаторно ќе биде и секој ќе треба да се произнесува и зошто гласа за избор и зошто гласа против избор.

Напомена дека временската рамка во Акцискиот план за двете препораки е декември 2024 година и истата ќе се имплементира по усвојување на измените на Деловникот на денешната седница. Целосната имплементација ќе следи на една од наредните седници кога ќе се врши избор на судија или претседател на суд.

Дополни дека воедно, како голем чекор на Советот го смета и дополнувањето на Деловникот со нов чл.28а, во кој се предвидуваат рокови за постапување во сите фази на постапката, па така нема да се чуваат или заборават предмети по фиоки. Со таа измена секое постапување надвор од предвидените рокови значи неажурно постапување од член на Советот или од самиот Совет, кое во иднина ќе сноси одредени последици. Тоа е предвидено и како препорака бр.6 во Акцискиот план, што значи дека истата со усвојување на измените на Деловникот ќе биде имплементирана.

Прецизира дека исто така, со усвојувањето на измените на Деловникот имплементирана ќе биде и препораката бр.8 која е нотирана во Акцискиот план, а која се однесува на вклучување на Здружението на судиите и организациите на граѓанското општество при расправа и усвојување на Годишниот извештај на Советот, па така сега во измените се додава ст.2 во чл.16 кој гласи: „на седницата на Советот на кој се разгледува и усвојува Годишниот извештај се покануваат да присуствуваат и претставници на здружението на судии и граѓанските организации што ја следат работата на Судскиот совет."

Потенцира дека активностите коишто Судскиот совет ги презема со изготвување, усвојување и имплементација на Деловникот, како и на подзаконскиот акт кој ќе биде разгледуван на тековната седница на наредната точка, неспорна е заложбата на Судскиот совет да како приоритетни активности ги спроведува препораките на Оценската мисија на ЕУ нотирани во Извештајот со финансиска помош и поддршка на проектот поддршка на ЕУ за владеење на правото, за кое во моментот е присутен експерот од проектот, па Судскиот совет изразува благодарност до целиот експертски тим, бидејќи финансиите се нопходно потребни , но и компаративните искуства и нивните експертски заложби.

Во продолжение, претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на известител кој детално ги изложи сите предложени измени и дополнувања на Деловникот за работа на Судскиот совет.

Во Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр. 274/19, 186/20 и 5/23) насловот пред членот 2 се менува и гласи: "Назив и лого на Советот"

По ставот 1 се додава нов став (2) кој гласи: “(2) Советот има лого. Логото е основен елемент на визуелниот идентитет и за претставување на Советот во јавноста.“

Во членот 5 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “со јавно гласање.“

Во ставот (2) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “односно првиот работен ден, доколку денот на истекот на мандатот паѓа во неработен ден“.

Во членот 6 став (8) заградите и зборовите во заградите се бришат.

Во членот 10 став (2) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “и тоа по следниот редослед: членот на Советот избран од Врховниот суд на Република Северна Македонија, членот на Советот избран од апелационото подрачје Скопје и од управните судови, членот на Советот избран од апелационото подрачје Битола, членот на Советот избран од апелационото подрачје Гостивар, членот на Советот избран од апелационото подрачје Штип, членовите избрани од редот на судиите припадници на заедницата која е повеќе од 20% од населението во Република Северна Македонија и членот избран од редот на судиите припадници на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија.

Во членот 12 став (8) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “и право на една реплика од 1 минута од членот на Советот доколку е споменат во дискусијата.“

Во членот 15 став (1) зборот: “Советот“ се заменува со зборовите “генералниот секретар“. Службен весник на РСМ, бр.117 од 3.6.2024 година.

Ставот (2) се менува и гласи: Записникот содржи податоци за број на седница, вид на седница, денот, времето и местото на одржување на седницата, лицето кое ја води и претседава со седницата, присутни и отсутни членови, утврдување на дневен ред, расправа по точките од дневен ред (краток осврт на излагањата на членовите), донесените одлуки, резултатот од гласањето и време на завршување на седницата.

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи: “(6) Усвоениот записник и тонскиот запис од седницата се објавуваат на веб страницата на Советот.“

Во ставот (6) кој станува став (7) по зборот :“Записникот “ се додаваат зборовите “ и тонскиот запис“, а зборовите:“ не е јавно достапен“ се заменува со зборовите “не се јавно достапни“.

Во насловот пред членот 16 после зборот: “програма“ се додаваат зборовите: “и извештај“.

Во членот 16 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи: “(2) На седницата на Советот на која се разгледува и усвојува Годишниот извештај се покануваат да присуствуваат и претставници на Здружението на судии и граѓански организации што ја следат работата на Судскиот совет.“

Во член 23 ставот (5) се менува и гласи: “(5) Секој член на Советот со право на глас е должен усно на седницата на која се врши избор на судија да ја образложи својата одлука за избор или неизбор на судијата.“

По ставот (5) се додава нов став (6 ) кој гласи: “(6) Одлуките треба да бидат индивидуализирани, да се засноваат на објективни стандарди, да бидат конзистентни и компаративни.“

Ставовите (6), (7) и (8) стануваат ставови (7), (8) и (9).

Членот 28 се менува и гласи: "Член 28 (1) По барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд кое не ги содржи податоците за адреса и место на живеење на судијата по член 62 став (1) од Законот за Судскиот совет на РСМ, Советот како имател на личните податоци ќе постапи по истото.

(2) Доколку со едно барање се бара одговорност на повеќе судии или претседатели на судови, се води единствена постапка и се донесуваат поединечни одлуки. Доколку е поведена постапка за одговорност на повеќе судии или претседатели на судови со едно барање, Комисијата на известители, ако постојат оправдани причини, може да ја раздвои постапката, а ако тие причини повеќе не постојат, може повторно да ја спои. Доколку за ист судија има поднесено повеќе барања за утврдување на одговорност по кои постапката е во иста фаза, Комисијата на известители која прва примила барање може да одлучи поради целесообразност и економичност постапката да се спои, да се води единствена постапка и Советот да донесе единствена одлука.

(3) Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд може да се прецизира до завршување на расправата на Комисијата."

По членот 28 се додава нов член 28-а кој гласи: "Член 28-а (1) По добивање на барањето за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, Советот на првата наредна седница формира Комисија на известители.

(2) Комисијата на известители најдоцна во рок од 15 дена од денот на прием на барањето во Комисијата носи решение за отфрлање на барањето. Доколку барањето не го отфрли доставува известување за утврдена фактичка состојба до Советот во погоренаведениот рок.

(3) Постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд се смета за поведена од денот кога Советот на седница ќе донесе одлука за продолжување на постапката (член 63 од Законот за Судскиот совет)

(4) На расправата по барањето се поканува и подносителот на барањето. Ако подносителот на барањето уредно поканет не дојде на расправата на Комисијата, а изостанокот не го оправда, расправата на Комисијата ќе се одржи. Сите докази доставени од страна на судијата или претседателот на судот се доставуваат на увид и до подносителот на барањето.

(5) По Извештајот за констатираната состојба по барањето поднесен од Комисијата на известители, Советот расправа и одлучува во рок од 30 дена од денот на поднесување на извештајот.

(6) Судијата или претседателот на судот, против кого се води оваа постапка доколку барал нивни претставник да учествува на седницата може да го извести Здружението на судии на Република Северна Македонија, (член 61 став (4) од Законот за Судскиот совет). Судскиот совет го известува судијата или претседателот на судот, против кого се води постапка, најмалку 7 дена пред седницата на Советот. Кога барањето за присуство на претставник на Здружението на судии на Република Северна Македонија е доставено најмалку три работни дена пред денот на одржувањето на седницата на Судскиот совет, Судскиот совет го известува Здружението на судиите на Република Северна Македонија за датумот на одржување на седницата (преку е-пошта, телефонски повик или на други начини). Известувањето од Советот досатвено до

Здружението на судии на Република Северна Македонија не е причина за одложување на седницата.

(7) Седница на Советот се одржува без оглед на присуството на претставник на Здружението на судии на Република Северна Македонија. По барање на судијата или претседателот, претставникот може да пристапи на седницата во секое време и без претходна покана. Ако претставникот пристапи во текот на започнатата седница за време на расправата по точката од дневен ред за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, седницата нема да започне од почеток.

(8) Секој учесник во постапката сам ги поднесува своите трошоци.“

Претседателот на Советот отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлозите ги стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите се усвоени и донесена е следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат измените и дополнувањата на Деловникот за работа на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Се задолжува ВД Генералниот секретар да ги спроведе активностите за објавување на Деловникот на веб страната на Советот и во Службен весник на РСМ, како и изготвување на пречистен текст на истиот.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 2-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од дневниот ред.

**Точка 3**

(Разгледување на предлог Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд)

● По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше дека по однос на предлогот Судскиот совет има надлежност согласно чл.36 ст.1 ал.18 од Законот за Судски совет и е предвидено дека Советот е надлежен да донесе покрај Деловник и други општи акти со кои ги уредува работите од својата надлежност.

Наведе дека во текот на 2020 година бил донесен Правилник за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, но во текот на работењето и во постапката за избор на судии се јавила потреба од измена на одредени одредби по однос на начинот на рангирање на кандидати за избор на судија во повисок суд за што била формирана работна група. Измената и дополнувањето на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд се врши со цел за имплементација на една од препораките на ЕУ упатени до Судскиот совет кои биле нотирани и во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ за коешто Судскиот совет усвоил Акциски план.

Укажа дека како наведена препорака била забрзување на процесот на оценување на работата во однос на унапредувањето на судии за да се пополнат одредени позиции во судството побрзо. Да не се чека предолго да се пристапи кон оценување на

моменталниот нов систем и да се направат прилагодувања каде што е потребно, а за имплементација на препораката биле предвидени акциски мерки, меѓу кои и измени на подзаконските акти. Временската рамка за спроведување на активноста во Акцискиот план била месец јули 2024 година, но со финансиска помош и поддршка од проектот Поддршка на ЕУ за владеење на правото, изготвувањето на измените и дополнувањата на Правилникот била завршена многу порано. Денес е на дневен ред за усвојување, што значи дека Судскиот совет ги имплементирал час поскоро препораките и не ја чекал ниту крајната временска рамка, бидејќи го знае приоритетот од имплементирањето на препораките.

Посочи дека измените и дополнувањата на Правилникот се во насока на реално верификување на резултатите и заложбата на судиите, а кои слабости биле констатирани при имплементацијата на подзаконските акти. Тоа е оправдано со оглед дека се додека не се отпочне со примена на било која постапка на имплементација на било кој подзаконски акт не може да се знае и какви ќе бидат придобивките, оправданоста, последиците од донесување на истите. Во текот на постапките за избор во повисок суд Судскиот совет констатирал дека со подзаконскиот акт кој е во согласност со Методологијата за квалитативно и квантитативно оценување трудот и заложбата на судиите во текот на извршувањето на нивната судиска функција не е доволно земен во предвид. Поради тоа се вршат измените и дополнувањата како што се претходно образложени. Секоја дополнителна работа понатаму ќе сеземе во предвид на судијата, а и делегирањето на судиите со усвојувањето на измените нема да се смета како казна, туку ќе се смета за награда затоа што ќе бидат додадени бодови за истото. Заради конзистентност во текот на постапката за оценување извршено било прецизирање и со тоа во иднина нема да биде оставен простор за дискреционо право на Комисијата.

Напомена на крај дека измените и дополнувањата ќе важат во иднина, што значи при распишување на нови огласи за избор на судии во повисок суд, а тековните постапки ќе бидат спроведени според досегашниот правилник. Тоа е особено важно како не би се стекнал впечатокот  дека подзаконскиот акт се менува во текот на спроведување на одредени постапки за избор.

Во продолжение, претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на известител кој детално ги изложи сите предложени измени и дополнувања на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд.

Во Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд бр.01-245/1 од 04.02.2020 година, во членот 2 став (3) зборот “открие“ се заменува со зборот: “утврди“; зборот “рангиран“ се заменува со зборовите: “на кандидатска листа“; зборот: “три“ се заменува со зборот: “седум“, а точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “и за прифаќање на истата одлучува Советот на седница.“

Во членот 3 став (1) точка 1) бројот: “40“ се заменува со бројот: “29“; во точка 4) бројот: “5“ се заменува со бројот: “15“; и во точка 5) бројот: “5“ се заменува со бројот :“6“

Во членот 4 став (2) се додава нова алинеја 1 која гласи: “-завршени правни магистерски студии (1) поен што се утврдува од универзитетска диплома односно уверение;“

Алинејата 1 која станува алинеја 2 се менува и гласи: “-завршени правни докторски студии (2) поени што се утврдува од универзитетска диплома односно уверение;“

Алинејата 2 која станува алинеја 2 с е менува и гласи: “- број на објавени стручни трудови со научна содржина за правни теми (максимум 5 поени) од кои по половина поен за секоја правна публикација над 10 страници, (2 поени) за авторство и ко-авторствово, научни коментари или за книга со ISBN (докторската теза не се брои двапати), објавена во последните 10 години пред објавувањето на огласот, што се утврдува преку печатен или електронски труд заведен под ISBN или ЦИП број;“

Во алинеја 4 која станува алинеја 5 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “што Комисијата го утврдува преку прибавени податоци од Академијата за судии и јавни обвинители.

“Алинеја 5 која станува алинеја 6 се менува и гласи: “-јазични вештини по англиски, француски или германски јазик (максимум 5 поени). Знаењето на јазикот се докажува со сертификат за јазик и тоа: (1 поен) за ниво на А на секој јазик со сертификат не постар од 10 години во времето на пријавување, (3 поени) за ниво на Б на секој јазик со сертификат не постар од 15 години, (5 поени) за ниво на Ц на секој јазик со сертификат не постар од 20 години. Кандидатот може да го докаже познавањето на јазикот и преку сертификат за студии или работа во странство во правната област или изработка на трудови на релевантниот јазик за што му се доделува 1 поен.“

Во алинејата 6 која станува алинеја 7 точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “или врз основа на сертификат доставен од кандидатот“

Во ставот (4) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “што се утврдува преку прибавени податоци од Академијата за судии и јавни обвинители.“

Во членот 6 став (1) зборот “десет“ се заменува со зборот “две“.

Во членот 7 став (2) по зборовите : “подготвеност на кандидатот“ се додаваат зборовите “доброволно“.

Во ставот (3) зборовите: “кандидатот добил на квантитативна проценка од едно оценување (член 86 став 2 од Законот за Судски совет на РСМ ) 40 поени и“ , и зборовите: “(член 61 став 1 од Законот за судовите)“ се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи: “(4) На судија кој бил именуван или избран за член во Судскиот совет на Република Северна Македонија, судија на мегународен суд, судија на Уставниот суд, Јавен обвинител на Република Северна Македонија, директор или заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители, му се доделуваат 5 поени.“

Во член 8 ставот (2) се менува и гласи: “(2) За менторство и едукација, Комисијата доделува максимум 6 поени и тоа: “0 поени, ако не можат да се забележат такви активности кај кандидатот, 1 поен, ако кандидатот се пријавил за едукација, 2 поени ако кандидатот се пријавил за ментор, 3 поени, ако кандидатот работел како менторил и одржал до две обуки како едукатор во последните 5 години, 4 поени, ако кандидатот одржал до 5 обуки во последните 5 години, 5 поени, ако кандидатот одржал до 10 обуки како едукатор во последните 5 години, 6 поени, ако кандидатот одржал повеќе од 10 обуки во последните 5 години и изработил издадени трудови и материјали за обука.

“Во членот 10 по зборовите: “образец за бодување“ се додаваат зборовите: “ кој е составен дел на овој правилник.“.

Во членот 12 став (4) по зборот: “оценување“ точката на крајот на решеницата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “која списите ги доставува до Советот.“ , а зборовите: “Судскиот совет при прифаќање на жалбата, може да го сослуша кандидатот“ се бришат.

Во ставот (5) зборовите: “одлучува за прифаќање на спорни и неприфатливи пријави на основа на препораките од Комисијата (член 2 став 3 од овој правилник), “ и зборовите: “За одбивање на пријавата потребно е мнозинство од членовите на Советот со право на глас, во спротивно пријавата ќе се смета за прифатена.“ се бришат.

Претседателот на Советот отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлозите ги стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлозите се усвоени и донесена е следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат измените и дополнувањата на Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд

Се задолжува ВД Генералниот секретар да ги спроведе активностите за објавување на Правилникот на веб страната на Советот и изготвување на пречистен текст на истиот.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 3-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од дневниот ред.

**Точка 4**

(Донесување на одлуки за определување на ВД претседатели на Основен суд Радовиш и Основен суд Струмица)

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Миљазим Мустафа во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот Миљазим Мустафа и наведе дека на сегашниот претседател Лила Цветановска на ден 03.06.2024 година и престанува мандатот како претседател на Основен суд Радовиш, па со оглед на фактот дека немаат избрано нов претседател, а за да не остане судот без раководно лице, односно претседател кој ќе раководи со институцијата предложи да се определи ВД претседател на Основен суд Радовиш. Укажа дека со оглед на фактот дека има двајца судии во судот, тргнувајќи од фактичката состојба по однос на вкупно добиените бодови од последното оценување сегашниот претседател Лила Цветановска е оценета со 196 бода, а другиот судија Лимонка Долдурова е оценета со 195 бода. Со оглед дека сегашниот претседател има повисока оценка предложи сегашниот претседател Лила Цветановска да биде определена, односно избрана за ВД претседател на Основен суд Радовиш до изборот на легитимен претседател.

Во продолжение, претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека координаторот предлогот го дал врз основа на освоените бодови од оценувањето, односно предложен е судијата кој освоил највисок број на бодови. Тоа е законска одредба, но таа законска одредба е во случај кога има пензионирање и кога не може вршител на должноста да биде истото лице поради исполнување на услови за старосна пензија. Укажа дека смета дека во насока на континуитетот, особено во летниот период, во период кога Судскиот совет донел одлука за распишување на оглас за избор на претседател крајно нерационално е да се изврши промена, иако предлогот на координаторот во моментот се поклопил.

Посочи дека имајќи ја во предвид рационалноста и да не застанат процесите во судот, особено имајќи го во предвид искуството на претседателот Судскиот совет тоа го знаел и на 463-та седница одржана на 08.11.2023 година кога во Вишиот управен суд за ВД претседател бил избран највозрасниот судија, а не судијата со најголем број на бодови. На истата седица за ВД претседател на Основниот граѓански суд бил избран судија без најмногу број на бодови, но Судскиот совет тогаш не направил грешка, бидејќи поаѓал од рационалност, ефикасност и ефективност на постапувањето. Напомена дека нејзиниот став е конзистентен, а тоа е дека кога е донесена одлука за распишување на оглас за избор на нов претседател, за ВД претседател треба да биде определен претседателот кој дотогаш ја извршувал функцијата.

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот Лила Цветаноска, судија на Основен суд Радовиш да се определи за ВД претседател на Основен суд Радовиш го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Радовиш се определува Лила Цветаноска, судија на Основен суд Радовиш и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 04.06.2024 година.

● По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека состојбата е идентична како и во Основниот суд Радовиш. Мандатот на сегашниот претседател истекува на 03.06.2024 година. По однос на бодовите состојбата во Основниот суд Струмица е поразлична, бидејќи еден судија, судијата Цона Каламерникова има 200 бода од последното оценување, а актуелниот претседател Емил Глигоров има 192 бода.

Нејзиниот предлог е да биде назначен за ВД претседател постоечкиот претседател од причина што имало таква пракса, затоа што постоечкиот претседател веќе е запознаен со сите работи во судот, а донесена е одлука за распишување на оглас

за избор на нов претседател, кој ќе се активира по целосното завршување на изборниот процес. Укажа дека би било упатно да тој да продолжи да ја обавува функцијата.

Посочи дека тоа е едниот аспект, а другиот аспект е што се уште се наоѓаат во изборен процес. Доколку би се назначил друг ВД претседател тоа би било финансиска импликација, а при постоење на одлука на Управниот суд која Судскиот совет мора да ја почитува, рационално е да остане како ВД претседател досегашниот претседател Емил Глигоров и нејзниот предлог е да се назначи за ВД претседател истиот.

Во продолжение, претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот Миљазим Мустафа и наведе дека за изборот на ВД претседател во случај кога нема други критериуми Судскиот совет тргнува и постапува по единствениот мерлив критериум да предложи и избере ВД претседател, а тоа е оценката. Другите се сите субјективни елементи.

Неговиот став кој ќе го искаже и со гласањето е дека во конкретниот случај, а и во сите други случаи во иднина кога нема други мерливи критериуми, односно други критериуми коишто би влијаеле при изборт на ВД претседател за ВД претседател ќе го поддржи судијата којшто има највисока оценка. Потенцира дека тоа е единственит мерлив критериум, награда и стимуланс за највисоко оценетиот судија. По однос на финансиските реперкусии, во конкретниот случај станува збор за итни и неодложни работи кој ги предвидува законот. И да има фининански импликации не би требале да претставуаат пречка, а во конкретниот случај такви импликации и нема.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека се согласи дека критериумот треба да биде оценката, но не е сигурна по однос на финансиските импликации со оглед на одлуката на Управниот суд. Од таа причина го дава предлогот така како што е.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека во конкретниот случај, бидејќи ја анализирала каква е досегашната пракса во Советот дошла до фактичката состојба дека во текот на изборниот процес е определен ВД претседател во Апелациониот суд Битола, бидејќи на поранешниот претседател му престанал мандатот поради пензионирање. По однос на другата пракса е длабоко изненадена, бидејќи членот на Советот Миљазим Мустафа на 463-та седница одржана на 08.11.2023 како координатор на Вишиот управен суд за ВД претседател предложил да биде највозрасниот судија, судијата Анита Данилова. Посочи дека тука бил предложен највозрасниот судија, а не судијата со најмногу бодови, па оттаму се јавува и дилема. Укажа дека ја има во предвид праксата и е конзистентна во ставовите и не случајно го кажала своето мислење на почетокот.

За збор се јави членот на Советот Миљазим Мустафа и наведе дека не ги познава судиите во Основен суд Струмица, ниту во Виш управен суд и покрај тоа што е координатаор се уште нема остварено посета, бидејќи од почетокот на година е координатор во Виш управен суд. Укажа дека ако сакаат отворено да зборуваат пред јавноста предлогот за ВД претседател на Виш управен суд бил договор помеѓу членовите на Судскиот совет, а не неговиот став.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и реплицираше дека не знае со кого колегата Миљазим Мустафа се договарал. Посочи дека со нејзе не се договорал. Побара да не биде вовлекувана во нечии договарања. Му укажа на колегата дека со оглед на функцијата што ја обавува е сериозен и не може врз основа на договарања да прифаќа одредени предлози, а сега да има личен став. Побара да нема обвинувања кон членовите на Советот. Нагласи дека не знае со кого се договарал колегата, туку чита што пишува во записникот.

За збор се јави членот на Советот Селим Адеми и наведе да не се имплицира на некакви незаконски договарања. И договорите на работните колегиуми претставуваат дел од работата на Советот. Некогаш одлучува мнозинството, а дадениот предлог не мора да значи дека е личен став на координаторот.

Посочи дека е во дилема е кој од предлозите на колегите да ги поддржи, но сепак истакна дека ќе остане на својот став од пред 3 години дека не е целисходно во време на избори да дојде до промена на претседател на суд.

За збор се јави членот на Советот Мирсад Суроји и наведе дека во конкретниот случај станува збор за итна и неодложна работа. Тука треба да влијае законската одреба каде критериум за избор е судијата кој има најголем број на бодови при оценувањето. Укажа дека во Советот имало и различна пракса, и точно е дека е спорно на каков начин треба да биде избран ВД претседател. Исто така, се согласи со колегата Миљазим Мустафа дека нема финансиски импликации во случајот. Истакна дека треба да се донесе заклучок со кој би се решиле било какви дилеми во иднина.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека нејзиниот предлог го дала, но ако колегите сметаат дека станува збор за итни и неодложни работи тогаш да се гласа прво дали е итно и недложно, а потоа да се гласа по однос на примента на одредбата за највисокиот број на бодови. Но, смета дека со тоа само ќе се комплицираат работите и нема да се постигне целта.

За збор се јави членот на Советот Павлина Црвенковска и наведе дека точно е дека имало бројни дискусии за примената чл.8а. Укажа дека и самата била една од поборниците дека треба тој член да се почитува, што било потврдено и со одлуката на Управниот суд. Смета дека досегашниот претседател треба да се постави за ВД претседател, како што е предлогот на координаторот. Посочи дека доколку се оди по критериумот за највисок број на бодови од оценувањето, работата дополнително се комплицира, од причина што двајца судии од судиите кои се најдобро оценети имаат идентичен број на бодови. Нагласи дека станува збор за краток временски период од неколку месеци, а досегашниот претседател успешно ја извршувал својата работа во изминатиот период од 4 години и не гледа пречка тој да биде именуван за ВД претседател.

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот Емил Глигоров, судија на Основен суд Струмица да се определи за ВД претседател на Основен суд Струмица го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и 1 глас „Против“ предлогот е усвоен и донесено е следното:

РЕШЕНИЕ

За ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА претседател на Основен суд Струмица се определува Емил Глигоров, судија на Основен суд Струмица и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 04.06.2024 година.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 4-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од дневниот ред.

*Претседателот на Советот даде пауза во траење од 15 минути.*
*Седницата продолжи во 12:05 часот.*

**Точка 5**

(Разгледување на извештаи за работата на судовите во Република Северна Македонија за првото тромесечие за 2024 година)

● По повод 5-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот информираше дека согласно чл.36 ст.1 ал.14 од Законот за Судски совет, Советот ги разгледува и оценува тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите и истите јавно ги објавува на својата веб страница.

Укажа дека до Судскиот совет од страна на судовите во РСМ доставени се извештаи за нивната работа за прв квартал на 2024 година за месеците јануари, февруари и март 2024 година.

Во таа насока збор даде на членот на Советот Павлина Црвенковска во својство на координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Апелациониот суд Скопје и основните судови основани на неговото подрачје и Апелациониот суд Гостивар и основните судови основани на неговото подрачје и членот на Советот Антоанета Димовска во својство на координатор за презентирање на седница на Советот на тримесечните и годишните извештаи за работа на Вишиот управен суд, Управниот суд, Апелациониот Битола и основните судови основани на неговото подрачје како и Апелациониот суд Штип и основните судови основани на неговото подрачје.

Координаторите ја презентираа следната состојба:

<u>Врховниот суд на Република Северна Македонија</u> месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 709 предмети, примил во работа нови 1184 предмети, и имал вкупно во работа 1893 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1216, а останале нерешени 677 предмети.

Според наведените податоци Врховниот суд на Република Северна Македонија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 32 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како ажурен.

Апелациониот суд Гостивар месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 648 предмети, примил во работа нови 1323 предмети, и имал вкупно во работа 1971 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1146, а останале нерешени 825 предмети.

Според наведените податоци Апелациониот суд Гостивар не го совладал приливот на предмети, и го зголемил заостатокот за 177 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Апелациониот суд Гостивар се оценува како неажурен.

Основниот суд Гостивар месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 6445 предмети, примил во работа нови 10427 предмети, и имал вкупно во работа 16872 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 9207, а останале нерешени 7665 предмети. Погрешно заведени се 6 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Гостивар не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1220 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Гостивар се оценува како неажурен.

Основниот суд Дебар месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 385 предмети, примил во работа нови 2587 предмети, и имал вкупно во работа 2972 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2552, а останале нерешени 420 предмети. Погрешно заведени нема.

Според наведените податоци Основниот суд Дебар не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 35 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Дебар се оценува како неажурен.

Основниот суд Кичево месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 3043 предмети, примил во работа нови 6820 предмети, и имал вкупно во работа 9863 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6164, а останале нерешени 3699 предмети.Погрешно заведени 2 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Кичево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 656 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Кичево се оценува како неажурен.

Основниот суд Тетово месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 3741 предмети, примил во работа нови 17487 предмети, и имал вкупно во работа 21228 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 13832, а останале нерешени 7396 предмети. Погрешно заведени нема.

Според наведените податоци Основниот суд Тетово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 3655 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Тетово се оценува како неажурен.

Апелациониот суд Скопје месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 8097 предмети, примил во работа нови 4059 предмети, и имал вкупно во работа 12156 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4099, а останале нерешени 8057 предмети.

Според наведените податоци Апелациониот суд Скопје го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 40 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Апелациониот суд Скопје се оценува како ажурен.

Основниот суд Велес месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 2497 предмети, примил во работа нови 6069 предмети, и имал вкупно во работа 8566 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6222, а останале нерешени 2344 предмети. Во овој квартал 1 предмети погрешно заведени.

Според наведените податоци Основниот суд Велес го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 153 предмети.
Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Велес се оценува како ажурен.
Основниот суд Гевгелија месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 464 предмети, примил во работа нови 3839 предмети, и имал вкупно во работа 4303 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3050, а останале нерешени 1253 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Гевгелија не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 789 предмети.
Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Гевгелија се оценува како неажурен.
Основниот суд Кавадарци месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 769 предмети, примил во работа нови 3309 предмети, и имал вкупно во работа 4078 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3162 а останале нерешени 916 предмети. Во овој квартал 2 предмети е погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Кавадарци не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 147 предмети.
Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Кавадарци се оценува како неажурен.
Основниот суд Кратово месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 221 предмети, примил во работа нови 921 предмети, и имал вкупно во работа 1142 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 826, а останале нерешени 316 предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Кратово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 95 предмети.
Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Кратово се оценува како неажурен.
Основниот суд Крива Паланка месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 1653 предмети, примил во работа нови 1786 предмети, и имал вкупно во работа 3439 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1585, а останале нерешени 1854 предмети. Во овој квартал 1 погрешно заведени предмети.
Според наведените податоци Основниот суд Крива Паланка не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 201 предмети.
Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Крива Паланка се оценува како неажурен.
Основниот суд Куманово месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 5774 предмети, примил во работа нови 10523 предмети, и имал вкупно во работа 16297 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 9302 а останале нерешени 6995 предмети. Во овој квартал нема предмети погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Куманово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1221 предмети.
Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Куманово се оценува како неажурен.
Основниот суд Неготино месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 1290 предмети, примил во работа нови 1954 предмети, и имал вкупно во работа 3244 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1672, а останале нерешени 1572 предмети. Во овој квартал 3 погрешно заведени.

Според наведените податоци Основниот суд Неготино не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 282 предмети.
Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Неготино се оценува како неажурен.

Основен кривичен суд Скопје месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 24724 предмети, примил во работа нови 34551 предмети, и имал вкупно во работа 59275 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 33298 а останале нерешени 25977 предмети. Во овој квартал 2 предмети се погрешно заведени.

Според наведените податоци Основен кривичен суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1253 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основен кривичен суд Скопје се оценува како неажурен.

Основен граѓански суд Скопје месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 20066 предмети, примил во работа нови 8831 предмети, и имал вкупно во работа 28897 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8763 а останале нерешени 20134 предмети. Во овој квартал 25 предмети се погрешно заведени.

Според наведените податоци Основен граѓански суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 68 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основен граѓански суд Скопје се оценува како неажурен.

Вишиот управен суд месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 1532 предмети, примил во работа нови 974 предмети, и имал вкупно во работа 2506 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 836 а останале нерешени 1670 предмети. Погрешно заведени 4 предмети во овој квартал.

Според наведените податоци Вишиот управен суд не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 138 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Вишиот управен суд се оценува како неажурен.

Управниот суд месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 4470 предмети, примил во работа нови 2018 предмети, и имал вкупно во работа 6488 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2094 а останале нерешени 4394 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 3 предмети.

Според наведените податоци Управниот суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 76 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Управниот суд се оценува како ажурен.

Апелациониот суд Битола месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 1176 предмети, примил во работа нови 1536 предмети, и имал вкупно во работа 2712 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1283 а останале нерешени 1429 предмети.

Според наведените податоци Апелациониот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 253 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Апелациониот суд Битола се оценува како неажурен.

Основниот суд Битола месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 5697 предмети, примил во работа нови 8277 предмети, и имал вкупно во работа 13974 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7467, а останале нерешени 6327 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 2 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 630 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Битола се оценува како неажурен.

Основниот суд Крушево месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 573 предмети, примил во работа нови 595 предмети, и имал вкупно во работа 1168 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 600, а останале нерешени 568 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Крушево го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 5 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Крушево се оценува како ажурен.

Основниот суд Охрид месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 6445 предмети, примил во работа нови 5038 предмети, и имал вкупно во работа 11483 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4658, а останале нерешени 6825 предмети.Во овој квартал погрешно заведени се 1 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Охрид не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 380 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Охрид се оценува како неажурен.

Основниот суд Прилеп месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 7071 предмети, примил во работа нови 4319 предмети, и имал вкупно во работа 11390 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3898, а останале нерешени 7492 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет.

Според наведените податоци Основниот суд Прилеп не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 421 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Прилеп се оценува како неажурен.

Основниот суд Ресен месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 970 предмети, примил во работа нови 1266 предмети, и имал вкупно во работа 2236 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 912 а останале нерешени 1324 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Ресен не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 354 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Ресен се оценува како неажурен.

Основниот суд Струга месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 6602 предмети, примил во работа нови 5648 предмети, и имал вкупно во работа 12250 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5668 а останале нерешени 6582 предмети. Во овој квартал има 1 погрешно заведени предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Струга го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 20 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Струга се оценува како ажурен.

Апелациониот суд Штип месец Јануари 2024година го започнал со нерешени 1343 предмети, примил во работа нови 997 предмети, и имал вкупно во работа 2340 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 749, а останале нерешени 1591 предмети.

Според наведените податоци Апелациониот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 248 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Апелациониот суд Штип се оценува како неажурен.

Во извештајот недостасуваат податоци за Основен суд Берово.

Основниот суд Виница месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 254 предмети, примил во работа нови 953 предмети, и имал вкупно во работа 1207 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 907 а останале нерешени 300 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Виница не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 46 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Виница се оценува како неажурен.

Основниот суд Делчево месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 1586 предмети, примил во работа нови 1762 предмети, и имал вкупно во работа 3348 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1648, а останале нерешени 1700 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет.

Според наведените податоци Основниот суд Делчево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 114 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Делчево се оценува како неажурен.

Основниот суд Кочани месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 3000 предмети, примил во работа нови 3449 предмети, и имал вкупно во работа 6449 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3460, а останале нерешени 2989 предмети. Во овој квартал 1 погрешно заведен предмет.

Според наведените податоци Основниот суд Кочани го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 11 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Кочани се оценува како ажурен.

Основниот суд Радовиш месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 2290 предмети, примил во работа нови 2392 предмети, и имал вкупно во работа 4682 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2151, а останале нерешени 2531 предмети. Во овој квартал 2 погрешно заведени предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Радовиш не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 241 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Радовиш се оценува како неажурен.

Основниот суд Свети Николе месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 694 предмети, примил во работа нови 2133 предмети, и имал вкупно во работа 2827 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1810 а останале нерешени 1017 предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Свети Николе не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 323 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Свети Николе се оценува како неажурен.

Основниот суд Струмица месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 2715 предмети, примил во работа нови 5806 предмети, и имал вкупно во работа 8521 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5053, а останале нерешени 3468 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведени.

Според наведените податоци Основниот суд Струмица не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 753 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Струмица се оценува како неажурен.

Основниот суд Штип месец Јануари 2024 година го започнал со нерешени 3519 предмети, примил во работа нови 6987 предмети, и имал вкупно во работа 10506 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6306 а останале нерешени 4200 предмети. Во овој квартал 2 погрешно заведени предмети.

Според наведените податоци Основниот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 681 предмети.

Во првиот квартал на 2024 година Основниот суд Штип се оценува како неажурен.

Во продолжение претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави членот на Советот Селим Адеми и наведе дека претседателот на Основен суд Берово не е во можност да доставува извештаи затоа што нема информатичар во судот. Истакна дека се надева дека ќе успее судот барем да достави Годишне извештај. Посочи дека во судот и полоша ќе биде ситуацијата затоа што од 01.07. му истекува и мандатот на делегирање како судија и ВД претседател на актуелниот ВД претседател и треба за истото да се размислува уште од сега за да судот може да функционира.

Посочи дека и покрај проблемот со недостаток на судии во Апелациониот суд Скопје судот за предметниот квартал е ажурен, што не е случај со Апелациониот суд Гостивар и Апелациониот суд Битола, кои судови немаат кадровски проблеми, па во насока на зголемување на ажурноста на судовите ќе треба да се разговара со претседателите на посочените судови.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека Основниот суд Берово нема информатичар, нема и Основниот суд Св. Николе, нема ни Судскиот совет и можеби ќе немаат уште неколку судови. Укажа дека како прв човек на Судскиот совет нема начин како да ја исправи состојбата, затоа што е позната бирократската процедура до завршување на избори за прием на кадар. Посочи дека проблемот со недоставување на податоци најверојатано ќе се јави и во наредниот период и кај Основниот суд Св. Николе. Нагласи дека вработените си даваат отказ, но проблемот не е во Судскиот совет, туку во законодавната власт која не успеала да најде начин, а извршната власт да обезбеди доволно средства да ги задржи тие луѓе.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека кога ќе се анализира првиот квартал секогаш треба да се има во предвид и фактот дека месецот јануари е месец во кој најмалку се дава норма со оглед на траењето на новогодишните празници. Се надева дека тоа ќе се подобри во вториот квартал, но паѓа во очи дека после долги години Апелациониот суд Скопје станал ажурен и покрај тоа што е суд со најголем број на предмети за одлучување по жалба и тоа најверојатно се должи на изборот на судии со која е подобрена состојбата со екипирање на судии и се надева дека трендот ќе продолжи. Го истакна и своето задоволство за Основниот суд Струга кој немал судии и судиите кои биле времено упатени навистина помогнале да се подобри состојбата, па и другите судови во кои биле упатени судии и каде за мал број на предмети не е совлада приливот, но се успеало нешто да се подобри во рамките на тоа што се располагало.

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет на Република Северна Македонија ги разгледа и усвои извештаите за работа на судовите за првото тромесечие за 2024 година.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 5-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од дневниот ред.

**Точка 6**

(Донесување на одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен суд Гостивар и Основен суд Кавадарци)

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека претседателот на Основниот суд Гостивар со допис Су.бр.134/2024 од 13.05.2024 година, заведен во Судски совет под бр.02-956/1 од 13.05.2024 година доставил предлог за разрешување на судија-поротник, Вокмир Демири по негово барање.

По разгледување на предлогот за разрешување доставен од претседателот на Основниот суд Гостивар и извршен увид во Регистерот на судии-поротници, утврдено е дека се исполнеѓи условите од чл.49 од Законот за судовите, судијата поротник да биде разрешен од функцијата. Од таа причина предложи да се разреши Вокмир Демири од функцијата судија-поротник во Основниот суд Гостивар.

Претседателот на Советот отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За" и ниту еден глас „Против" предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

На Вокрим Демири, избран за судија поротник на Основен суд Гостивар со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

● По повод 6-та точка од дневниот ред претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека претседателот на Основниот суд Кавадарци со допис Су.бр.04-15/2024 од 13.05.2024, заведен во Советот под бр.02-957/2 од 14.05.2024 година, доставил предлог за разрешување на судијата-поротник Зоран Захариев од причини што истиот на 18.05.2024 година наполнува 60 години возраст.

По разгледување на предлогот за разрешување, кон кој не била доставена документација и извршен увид во Регистарот за судии-поротници констатира дека судијата-поротник во Основен суд Кавадарци Зоран Захариев на ден 18.05.2024 година наполнува 60 години возраст, па согласно чл.80 ст.1 т.5 од Законот за судовите му престанува функцијата судија-поротник. Од таа причина предложи да се разреши Зоран Захариев од функција судија-поротник во Основниот суд Кавадарци.

Претседателот на Советот отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

На Зоран Захариев, избран за судија поротник на Основен суд Кавадарци со Одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија му престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 6-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од дневниот ред.

**Точка 7**

(Разгледување  на барање од судија за надоместок за закупнина на стан)

● По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше дека од страна на Благородна Арангелова, судија на Управен суд е доставено барање со прилог анекс договор, евидентирано во Советот под бр.05-934/1 од 09.05.2024 година, со кое судијата бара да и се одобри право на надоместок за закупнина на стан поради промена на висината на надоместокот за закупнина од досегашните 250 евра, на износ од 300 евра, а согласно анекс договор за закуп со кој е продолжен рокот на договорот за закупнина на стан, склучен на 19.04.2024 година кај нотар под УЗП.бр.6728/24 од 19.04.2024 година. Кон барањето за признавање на правото на надоместок на закупнина на стан, судијата има приложено анекс договор за закуп на стан, заверен кај нотар, решение на СБС бр.03-536/7 од 14.10.2023 година и договор за закуп УЗП.бр.4538/18 од 17.04.2018 година заверен кај нотар.

По развиената конструктивна дискусија претседателот на Советот Весна Дамева истакна предлог да се повлече точката од дневен ред до утврдување на одредени факти, во меѓувреме ВД Генералниот секретар да се обрати до Управниот суд која е причината поради која има проблем во исплатата, па на една од наредните седници по завршување на изборниот процес ќе се расправа за прашањето.

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 7-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 8-та точка од дневниот ред.

**Точка 8**

(Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија)

1. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Сашко Георгиев во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП. бр.08-146/24 од 17.04.2024 година во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на одредени државни органи поради неможност за остварување на е социјални права од страна на подносителот на претставката.

Имено, Судскиот совет на Република Северна Македонија по проучување на претставката утврди дека во истата не се изразува незадоволство од постапувањето на конкретен суд или судија, туку незадоволство од постапувањето на други државни органи поради неможноста за остварување на социјални права – (право на социјална помош и социјален стан) од страна на подносителот. Поради ваквата состојба и неможноста да ги оствари своите права подносителот се смета за омаловажена, дискриминирана, економски и финансиски деградирана. Од содржината на поднесената преставка и барањата на подносителот јасно произлегува дека Советот во конкретниот случај нема надлежност за постапување. Согласно надлежностите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, утврдени во чл.36 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија, Советот е единствено надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и судовите во Република Северна Македонија, како и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, Со оглед на околноста да во поднесената претставка не се изразува незадоволство од работата на одреден судија или суд, на предметната претставка неможе да и се даде третман на претставка која спаѓа во надлежност и по која би постапувал Судскиот совет на Република Северна Македонија. Врз основа на утврденото Советот најде дека преставката е неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложената претставка.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојува предлогот истакнат од страна на известителот по однос на изложената претставки.

Претставка УПП.бр.08-166/24. Пред известителот да пристапи кон реферирање на претставката процедурално за збор се јави претседателот на Советот. Наведе дека од причина што во претставката се споменува нејзиното име сака да се изземе при

реферирањето и одлучувањето по претставката. Со оглед дека заменик претседателот на Советот физички не е присутен на седницата како би можел да го преземе раководењето со истата, предложи известителот да ја повлече претставката.

Претседателот на Советот откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За" и ниту еден глас „Против" предлогот е усвоен, претставката УПП.бр.08-166/24 се повлекува, а во наредна фаза претседателот на Советот нема да учествува.

*Забелешка: За предлогот гласа и претседателот на Советот од причина што не се одлучува мериторно.*

2. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавената претставка.

Претставка УПП.бр.08-121/24. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од работата на Апелациониот суд Скопје по предметот КЖ.бр.646/2023. Имено, наведува дека се работи за донесена пресуда КЖ.бр.646/2023 од 27.12.2023 година на Апелациониот суд Скопје за Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот член 300 став 1 в.в. со член 297 став 1 од КЗ и Неукажување помош на лице повредно во сообраќајна незгода член 301 став 1 од КЗ која воопшто не била заведена во архивата на судот и заради тоа преставува безвредно парче хартија и е без правно дејство. Оттука подносителот бара Судскиот совет на РСМ истата да ја прогласи за неважечка. Бидејќи смета дека второстепната одлука е неважечка, првостепената според него е важечка. Понатаму наведува дека како оштетена страна не бил повикан на јавното судење од страна на Апелациониот суд Скопје, па бидејќи се работи за ослободителна пресуда според него постои корупција во судот. Смета дека нема никаква причина за поништување на првостепната пресуда и доколку судот работел одговорно и професионално единствено можел да ја зголеми казната од првостепената пресуда. Судот без никакво разбирливо објаснување досудил ослободителна пресуда. На крај наведува дека второстепната пресуда покажува крајно неодговорен пристап за ваквите кривични дела. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата и од увидот во оргиналната пресуда КЖ.бр.646/2023 од 27.12.2023 година на Апелациониот суд Скопје, Советот најде дека пресудата КЖ.бр.646/2023 од 27.12.2023 година на Апелациониот суд Скопје била заведена во архивата на судот и потпишана, а потоа преку првостепениот суд била пратена примерок од пресудата до странките во постапката. Со донесувањето на второстепената одлука, правото на редовен правен лек е искористено и одлуката е правосилна. Бидејќи наводите во претставката воедно преставуваат и жалбени наводи, истите биле ценети од страна на второстепениот суд при одлучувањето по жалбата. Советот му укажува на подносителот дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложената претставка.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојува предлогот истакнат од страна на известителот по однос на изложената претставка.

3. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки од членот на Советот Ивица Николовски.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП.бр.08-117/24 од 25.03.2024 година. Подносителите истакнуваат наводи за нестручно и несовесно постапување на судечкиот совет при Апелациониот суд Скопје кој одлучувал по предметот ГЖ.бр.3077/22, оформен по повод жалбата на подносителите која била одбиена како неоснована, а изјавена против решението на Основен суд Куманово со кое било усвоено барањето на извршителот и била изречена казна на должниците - подносителите на претставката поради неисполнување на обврска во определен рок согласно налог за извршување. Укажуваат на неосновано одолговлекување на постапката, без да била земена во предвид итноста на постапката.

По извршените извиди по повод наводите истакнати во претставката, добиената изјава од судечките судии и проверка во Архивата на Судскиот совет се констатира дека подносителите се имаат обратено до Судскиот совет со претставка со идентични наводи, заведена под УПП.бр.398/23 од 11.12.2023 година, која била разгледана на седницата на Советот одржана на ден 02.02.2024. При тоа, било констатирано дека наводите за одолговлекување на постапката се основани, за што подносителите биле известени.

Со оглед дека во претставката УПП.бр.08-117/24 од 25.03.2024 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката, постапувањето по новоподнесената претставка нема да се повтори и предметот се архивира со службена белешка согласно чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Претставка УПП.бр.08-139/24 од 09.04.2024 година. Подносителот изразува незадоволство од постапувањето на Основниот граѓански суд Скопје по предметот РО.бр.1497/18, во врска со предлог за повторување на постапка за надоместоци од работен однос, кој со решение донесено на ден 10.05.2023 година бил одбиен како неоснован. Сето тоа од причина што не биле прифатени материјалните доказите кои ги доставил, чуварски книги во кои биле евидентирани прекувремените часови работа и не биле повикани предложените сведоци кои би потврдиле дека работел како чувар и остварил прекувремени часови.

По спроведените извиди по повод наводите истакнати во претставката и проверка во системот „Регистар на судии“ се констатира дека на седницата на Советот одржана на ден 29.02.2024 година, со решение бр.02-543/1 од 01.03.2024 година, на предметниот судија му е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Согласно тоа, нема услови за водење на постапка за утврдување на евентуални повреди сторени од посочениот судија, со оглед дека истиот нема статус на активен судија.

Исто така, наводите во претставката претставуваат жалбени наводи, односно се однесуваат на факти кои можат да бидат предмет на разгледување од повисок суд во постапка по правен лек, доколку подносителот навремено поднесе жалба.

Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука.

Предвид наведеното, се констатира дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка <u>УПП.бр.08-149/24</u> од 17.04.2024 година. Подносителот на претставката најпрвин изразува незадоволство од одговорот на Судскиот совет по однос на претставката УПП.бр.08-6/24 од 09.01.2024 година и нездоволство зошто Советот не постапил по неговото барање да се изврши увид во списите на предметот, надзор врз работењето на судот при вршењето на доставата и контрола на работата на судечкиот судија. Смета дека со таквиот одговор Советот покажал незаинтересираност за работата на судовите, заштита на граѓаните и правилната примена на законот, како и дека ја злоупотребил својата положба.

Наведува дека дополнителната преставка ја поднесува од причини што истиот судечки судија во друг предмет - ППНИ.бр.51/24 сторил процесни повреди во поглед на изршената достава и го повредил неговото право на произнесување во постапката, со што судијата постапил нестручно и несовесно во вршење на својата функција.

По спроведените извиди, увид во претставка, анализа на приложените докази и проверка во Архивата на Советот се констатира дека по однос на претставката УПП.бр.08-6/24 од 09.01.2024 година Советот на седницата одржана на 02.02.2024 година расправал по истата и утврдил дека е неоснована, за што бил известен подносителот на 19.02.2024 година.

Во врска со наводите за сторени суштествени повреди при постапување по предметот ППНИ.бр.51/24 се констатира дека наводите во претставката претставуваат жалбени наводи, односно се однесуваат на факти кои можат да бидат предмет на разгледување од повисок суд, доколку подносителот навремено поднесе редовен правен лек - жалба со која ќе ја оспори одлуката на судот.

Согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно

чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука.

Предвид горе посоченото се констатира дека наводите во претставката се неосновани.

Претставка <u>УПП.бр.08-165/24</u> од 10.05.2024 година**.** Подносителот на претставката изразува незадоволство од одговорот на Судскиот совет во врска со претставката доставена од негова страна на ден 02.02.2024 година, како и незадоволство зошто Советот не преземал конкретни мерки против судијата наведен во претставката.

По извршените извиди по повод наводите истакнати во претставката и проверка во Архивата на Советот се констатира дека подносителот се има обратено до Советот со претставка заведена под УПП.бр.56/1 од 02.02.2024 година во која изразува незадоволство од постапувањето на Основниот суд Охрид по предметот П.бр.86/22. По претставката Советот расправал на седницата одржана на ден 27.03.2024 година и констатирал дека истата е неоснована, за што го известил подносителот.

Со оглед дека во претставката УПП.бр.08-165/1 од 10.05.2024 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката, постапувањето по новоподнесената претставка нема да се повтори и предметот се архивира со службена белешка согласно чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

*По претходна согласност на присутни членови на Советот, претседателот на Советот констатира дека со оглед дека има кворум, а заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели користи денови од годишен одмор и не е неопходно неговото присуство истиот се ослободува од обврската за online присуство на седницата. Притоа му се заблагодари на колегијалноста.*

*Во продолжение претседателот на Советот даде пауза во траење од 10 минути.*

*Седницата продолжи во13:44 часот.*

<u>4.</u> Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот <u>Мирсад Суроји</u> во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставката УПП бр.08-46/24 во врска со одговор на наводите во Известување кој го добил од Советот по претставка УПП бр. 08-256/23 по која Советот расправал и одлучувал на седница на 29.09.2023година .Претставката УПП бр.08-46/24 се однесува на прашање по кое веќе Советот постапувал и со оглед да не се изнесени нови факти и околности, Советот на седницата одржана на ден 29.05.2024 година одлучи согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози да се затвори со службена белешка и да се архивира.

Претставка УПП бр.08-52/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Куманово по предметот РО-292/22 .Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот најде дека по тужба за поништување на решение за престанок на работен однос оформен е предметот РО-292/22. Тужбата била доставена на 15.02.2022 година и во законски рок судот ја доставил на одговор на законскиот застапник на тужениот, кој на ден 19.05.2022 година до судот доставил одговор на тужба, при што во прилог е доставен и одговор на тужба од тужениот бр.0306-1111 од 17.05.2022 година. Подготвително рочиште било закажано на ден 16.09.2022 година и во текот на постапката одржани се вкупно четири рочишта и тоа на 16.09.2022 година, на 12.12.2022година , на 27.12.2022 година и на 02.02.2023 година при што рочиште за објава на пресуда е закажано на ден 10.02.2023 година . Пресудата е изработена и верифицирана во системот АКМИС во месец јануари 2024година, со која тужбеното барање на тужителот се усвојува. По истата е изјавена жалба до Апелациониот суд Битола. Судијата наведува дека како судија во Оддел за работни спорови каде бројот на предмети кои ги има во работа е повеќе од двојно поголем од останатите оддели во судот. Исто така се наведува дека по пожарот кој го зафати судот во месец јули 2023година заради оштетување на мрежата на системот Акмис во делот каде се наоѓа канцеларијата на судијата бил оневозможен пристап до АКМИС системот, од кои причини било отежнато секојдневното работење. Оваа состојба во судот е надмината во декември 2023 година. Во текот на 2023година судијата подолг временски период била и на боледување.Предвид наведеното поради објективни причини судијата бил оневозможен навреемно да постапува по сите предмети, како и поконкретниот предмет кој по својата суштина како сложен и комплексен предмет било потребно дополнително време за целосна изработка на истиот.Врз основа на гореизнесеното , Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка УПП.бр.08-96/24. По равиената дискусија извеситeлот истакна дека претставката се повлекува за доработка.

Претставка УПП бр.08-106/24 каде не е наведена адресата на подносителот и согласно на членот 4 став 1 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите (“Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) Советот не може да го извести подносителот, па претставката се архивира како неоснована.

Претставка УПП бр.08-125/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Охрид по предмет ППНИ-73/24..Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата кој постапува по предметот ППНИ-73/24 утврди дека предметот во Основен суд Охрид е оформен по приговор на должникот за незаконитости при извршувањето сторени со налог за извршување заради испразнување и предавање на недвижност И.бр.1190/20 од 30.11.2020 година .Со решение ППНИ-73/24 на Основниот суд Охрид од 04.04.2024 година приговорот е отфрлен како ненавремен и против истиот во тек е жалбена постапка , па наводите на подносителот ќе бидат предмет на оценување од страна на надлежен повисок суд. Во однос на наводите дека должниците вршеле влијание врз судот да се укине правосилниот налог се неосновани предвид да одлуката на Основен суд Охрид не е во корист на должниците. Врз основа на гореизнесеното, Советот најде дека претставката е неоснована.

Претставка УПП бр.08-138/24 од анонимен подносител по која Советот одлучи да не се постапува по истата.Ова од причина што согласно член 8 од Законот за постапување по претставки и предлози (“Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) органот не постапува по анонимна претставка, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврдено со закон.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

5. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Миљазим Мустафа во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП бр.08-24/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен кривичен суд Скопје по предметот К-1411/19. Советот по спроведени извиди најде дека Основен кривичен суд Скопје по предметот К-1411/19 донел пресуда на 02.11.2021година која правосилна пресуда судот ја доставил до АУОИ со цел да биде постапено по истата, при што од страна на Агенцијата бил доставен писмен допис до судот од 06.11.2023година дек аво поглед на дивозграден објект донеле решение од 27.07.2023година за пренос на право на сопственсот на РСМ каде и е наложено на АКН Скопје да ја спроведе промената на сопственост на објектот , при што од страна на АКН им била доставена потврда бр.1112- 22682/23 за одбивање на пријавата, со што во овој дел пресудата не може да се изврши а со тоа не можат да се обештетат

оштетените.Мегутоа судот по добивање на ова известување до АУОИ доставил известување на 07.11.2023 година дека истата како надлежен орган треба да ги превземе сите мерки и активности кои и се во надлежност со цел од обвинетат и сопствениците на правното лице кое престанало да постои да ја конфискува непосредната и посредната имотна корист прибавена со извршување на кривично дело како би се вратила на оштетените . Истовремено судот испратил барање и до АКН од 07.11.2023 година со цел до судот да се достави потврдтата како и судот да биде известен од кои причини неможе да се измени промена во катастарот на недвижности и во кои податоци постои несоодветност. Согласно наведеното Советот најде дека неосновани се наводите во претставката од причина што судот ги превзема сите мерки од негова надлежност да се изврши правосилната и извршна пресуда и да оштетените бидат целосно обештетени, а за што и подмосителите лично се известени од судот со писмен допис .Кбр. 1411/19 од 16.01.2024година.

Претставката УПП бр.08-101/24 поднесена на 15.03.2024 година, на 20.03.2024 година и на 05.04.2024 година , се насловени како Барање- Ургенција- Жалба. Од увид во претставката се утврди дека се изразува незадоволство од судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет П4-27/14 од 24.12.2014 година, и во однос на овие наводи Советот најде дека се изминати законските рокови за постапување.Во однос на наводите да Советот му закаже рочиште ,да се разрешат постојните обвинители и да му се назначи нов обвинет по предметот, Советот нема надлежност.Советот на седницата одржана на ден 29.05.2024 година одлучи претставката да се затвори со службена белешка и да се архивира.

Претставката УПП бр.08-116/24 за постапување на судии на Основен суд Куманово и на Апелациониот суд Скопје. По истата претставка заведена под УПП 08-379/23 доставена на постапување преку ДКСК, Советот расправал на седница на 26.12.2023година и констатирал дека претставката е неоснована. Претставката УПП бр.08-116/24 се однесува на прашање по кое веќе Советот постапувал и со оглед да не се изнесени нови факти и околности, Советот на седницата одржана на ден 29.05.2024 година одлучи согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози да се затвори со службена белешка и да се архивира.

Претставката УПП бр.08-126/24 насловена како одговор на известување на Судскиот совет под УПП бр.08-55/24 по однос на претставка по која Советот постапувал на седница на 29.02.2024 година и констатирал дека е неоснована.Претставката УПП бр.08-126/24 се однесува на прашање по кое веќе Советот постапувал и со оглед да не се изнесени нови факти и околности, Советот на седницата одржана на ден 29.05.2024 година одлучи согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози да се затвори со службена белешка и да се архивира.

Претставка УПП бр.08-133/24 се изразува незадоволство од судска постапка која се однесува на денационализација на национализирано земјиште во Радовиш.Советот по спроведени извиди утврди дека Вишиот управен суд со пресуда УЖ-1бр.1070/19 од 03.06.2020 година одлучувајќи по жалбата на тужителите и на тужителот против пресуда на Управниот суд У-2 бр.55/2017 и У-2 бр.65/2017 , жалбите ги уважува и пресудата на

Управниот суд У-2 бр.55/2017 и У-2 бр.65/2017 се преиначува и се одлучува тужбата на тужителите и на тужителот се уважуваат, а оспореното решение на МФ, Комисија за денационализација ДН-26-125/2 од 27.10.2016 година се поништува и во овој дел се враќа на првостепениот орган на повторно одлучување во однос на определување на висината на паричниот надомест за одземениот имот.Вишиот управен суд во конкртениот случај ја уважил жалбата на подносителите од причина што констатирал недостатоци во постапувањето на првостепениот орган и во интерес на подносителите го вратил предметот на повторно одлучување.Советот најде дека наводите во претставката се неосновани .

Претставка УПП бр.08-153/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Дебар по предмет П1-33/23 и П1-34/23 . Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметите произчегува дека предметот П1-34/23 оформен во Основен суд Дебар по тужба за смеќавање на владение, а по предлог за издавање привремена мерка оформен бил предмет П1-33/23.По предлогот за издавање привремена мерка судот донел решение П1-33/23 на 28.03.2024 година со кое предлогот се одбива како неоснован и против по поднесена жалба постапката пред Апелациониот суд Гостивар , а по предметот П1-34/23 постапката е во тек. Советот најде дека наводите на подносителот во однос на законитоста и правилноста на судската одлука се наводи за кои ќе одлучува Апалациониот суд Гостивар по жалба на тужителот.Во однос на наводите дека првостепената одлука е донесена тенденциозно и пристрасно судијата наведува дека во текот на постапката постапувал согласноо одредбите од ЗПП, со ниту една странка не е во сродство ниту пријателски односи како се наведува во претставката. Советот најде дека овие наводи се паушални наводи на подносителот и истите се неосновани.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

6. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП бр.08-343/23 по која Советот одлучи да не се постапува по истата. Ова од причина што се констатира дека во претставката не е наведена адресата на подносителот и согласно на членот 4 став 1 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите (“Службен весник на Република Македонија“

бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) Советот не може да го извести подносителот, па претставката како нецелосна најсоодветно е да се архивира.

Претставка УПП бр.08-145/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје времено упатен во Основен суд Кичево кој постапува по предмет на Основен суд Кичево МАЛВП-216/23.Од спроведени извиди и од прибавената изјава од судијата кој постапува по предметот се утврди дека посочниот судија на Основен граѓански суд Скопје со решение на Судскиот совет од 09.10.2023година е времено упатен на вршење на судиската функција во Основен суд Кичево за период од една година. Со одлука на претседалот на Основен суд Кичево од 25.10.2023година е распореден да постапува по граѓанските предмети во овој суд, а по одлука на ВД претседателот на овој суд од 10.11.2023година во работа примил предмети од претходни судии , кои се земани хронолошки во работа според затекната фаза на предметот.По однос на конкретниот предмет МАЛВП- 216/23 тужбата била поднесена на 25.05.2023година за трошоци за погреб и лекување. Предметот е наследен од претходен судија и тоа во фаза на поднесена тужба по што судечкиот судија издал наредба за давање на одговор на тужба до тужениот преку КПУ Затвор П на ден 26.03.2024година, кој е на издржување казна затвор во наведенета установа, со барање назначено до управата на КПУ Затвор П и од каде сеуште нема вратена доставница со потпис и датум на прием на тужениот.Во однос на конкретната Ургенција доставена од полномошникот на тужениот на ден 06.10.2023година, судијата наведува дека неможел да постапува од причина што истата е адресирана до претседателот на Основниот суд Кичево и тоа во време кога не бил делегиран во овој суд , а по прием на предметот кој го наследил со други предмети веднаш постапил и по исполнување на процесните услови истиот ќе биде насрочен. Оттука Советот најде дека неосновани се наводите дека судот не сака да го насрочи предметот .Ова од причина што од поднесување на тужбата до денот кога предметот му е е доделен во работа на судијата , од страна на судијата на предметот МАЛВП -216/23 му е даден тек и истиот е во фаза на одговор на тужба.

Претставка УПП бр.08-155/24 се изразува незадоволство од судија на Основен суд Гевгелија по предмет П1-4/20.Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата кој постапува по предметот произлегува дека судијата во однос на наводите од подносителот кој не бил странка во постапката по предметот П1-4/20 неможе да се произнесе .Во однос на тужената во постапката по предметот П1-4/20 пред Основен суд Гевгелија судијата наведува дека истата во постапката била застапувана од полномошник адвокат, сите нивни предози за изведување докази судот ги прифатил, судот по нивни предлог излегол на лице место да утврди увид дали постои друг начин за парцелата на тужителот да има пристап до јавен пат, за што било изготвено и дополнително вештачење .По изведување на сите докази и нивно ценење судот донел пресуда на 31.12.2020 година по која била изјавена жалба од тужената . Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ-1595/21 од 24.06.2021година жлабата ја одбил а пресудата на Основен суд Гевгелија П1-4/20 ја потврдил. Тужената лично на ден 07.12.2021 година поднела ревизија до Врховниот суд и со писмно од 10.12.2021година Врховниот суд ја доставил на постапување на Основниот суд Гевгелија .Со решение П1-4/20 од 12.01.2022 година Основниот суд Гевгелија ревизијата на тужената против пресудата П1-4/20 од 31.12.2020 година и пресудта анГЖ-1595/21 од 24.06.2021година на

Апелациониот суд Скопје ја отфрла како ненавремана, кое ршение е потврдено со решение ГЖ-514/22 од 07.07.2022година на Апелациониот суд Скопје . Против овие решенија тужената изјавила ревизија до Врховниот суд на РСМ кој со решение РЕВ2-322/22 иод 13.03.2024година ја одбива како неоснована.Советот најде дека наводите во претставката биле жалбени и ревизиски наводи, кои ги ценеле повисоките судови и истите констатирале неоснованост. Согласно горенаведеното, претставката е неоснована.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

7. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Павлина Црвенковска во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавената претставка.

Претставка УПП бр.08-142/24 од 12.04.2024 година - во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на непознати лица, вработени и одговорни за утврдување на клаузули на правосилност и извршност на прекршочни пресуди во Основниот кривичен суд Скопје, во врска со добивање на клаузула на правосилност и извршност на пресуда на Апелационен суд Скопје ПРКЖ.бр.605/23 од 23.03.2023 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од Основниот кривичен суд Скопје од причини што подолг временски период судот одбива да даде клаузула на извршност на пресуда на Апелациониот суд Скопје, ПРКЖ.бр.605/23 од 23.03.2023 година со оглед да со оваа пресуда второстепениот суд одлучил и за трошоците на постапката во корист на обвинетиот, како и со оглед на околноста дека доставата на второстепената пресуда се врши преку основниот суд кој е надлежен да утврди клаузула на извршност. Претставката видно од нејзината содржина е упатена кон непознати лица, вработени и одговорни за утврдување на клаузули на правосилност и извршност на прекршочни пресуди во Основниот кривичен суд Скопје со оглед на околноста да судијата кој ја донел пресудата е избран за судија на Апелационен суд Скопје. По спроведените извиди и увид во доказите приложени кон претставката се утврди дека согласно со деловникот за работа Основниот кривичен суд Скопје треба да постапи по барањаата на подносителот на претставката и да обезбеди клаузула на извршност на пресудата. За таа цел, а во насока на постапување по барањето на подносителот Советот до претседателот на Основниот кривичен суд ќе достави допис со барање судот да постапи согласно со Закон и Судскиот деловник и да ги превземе сите дејствија за решавање на проблемот.

Во продолжение по повод претставката УПП.бр.08-142/24 се разви дискусија.

За збор се јави членот на Советот Антоанета Димовска и наведе дека претставката е сепак против судија, бидејќи клаузулите на правосилност и извршност на изворникот ги става судијата. Службеникот го носи предметот до судијата и тој ги става клаузулите. Посочи дека апсолутно Кривичниот суд не е во право, клаузулите на правосилност и извршност ги става првостепениот суд со тоа што, бидејќи се работи за преиначена одлука во делот каде што е печатот за правосилност описно пишува преиначена со одлука ПРКЖ.бр. во делот на трошоците, па се става клаузула на извршност, а кога се извршува се оди со двете одлуки и тоа е регулирано со Деловникот. Тоа е чест случај и дел од судиите имаат дилема т.е. не знаат дека на тој начин треба да се ставаат клаузулите на правосилност и извршност.

Укажа дека претставката треба да се смета како основана, не би требало да се прават дополнителни извиди, но треба да се посочи на Кривичниот суд на кој начин да се ставаат клаузулите. Нагласи дека најверојатно е крив судија, бидејќи службеникот не може сам да одлучи. Тој мора да го однесе предметот кај судијата, за да судијата каже на кој начин ќе се ставаат клаузулите за правосилност и извршност и најверојатно службеникот добил насока од судијата дека Апелациониот суд треба да го направи тоа, што е апсолутно неточно. Тоа мора да го направи првостепениот суд на тој начин што клаузулта се става во описна форма.

За збор се јави претседателот на Советот Весна Дамева и наведе дека претставката е основана и треба да се извести Кривичниот суд да постапи согласно Законот и Судскиот деловник. Укажа дека не може странката да чека клаузула на правосилност, бидејќи судијата не бил во Оддел, па службеникот не знаел итн. Посочи дека топката се префрла очигледно на штета на странката.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предлогот на известителот по изложената претстава.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

Претставка УПП.бр.08-142/24 е основана.

8. Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Селим Адеми во својство на известител да пристапи кон реферирање на пријавените претставки од заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели.

Известителот пристапи кон реферирање на пријавените претставки.

Претставка УПП бр.08-405/23 се изразува незадоволство од постапување на Управниот суд по барање за правосилност на пресуда УЗ-89/23 .Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот Советот утврди дека Управниот суд со пресуда УЗ-89/23 од 08.06.2023 година ја уважил тужбата на тужителот, а решението УП2бр.32-426/2020 од 05.01.2023година се поништува. Писмено изготвената пресуда била доставена до странките и тоа до полномошникот на тужителот на 26.06.2023година, но повратница за примен на пресудата кај тужениот не била вратена во судот иако од доставната книга на судот истата била предадена на тужениот орган на 26.06.2023година, поради што била извршена повторна достава на пресудата до тужениот орган. Повратницата за уредно извршена достава на пресудата и прием кај тужениот орган е вратена во судот на ден 19.12.2023 година . Откако судот утврдил дека се исполнети законските услови , на пресудата УЗ бр.89/2023 е ставен печат за правосилност и истата е уредно примена од страна на тужителот лично на ден 09.01.2024 година.

Претставка УПП.бр.08-78/24. По равиената дискусија извесителот истакна дека претставката се повлекува за доработка.

Претставка УПП бр.08-118/24 се поднесува поради незадоволство од постапувањето на Апелациониот суд Скопје по предмет ГЖ-1394/23, со барање да истиот се реши по брза постапка и мериторно.Од прибавената изјава од судијата кој постапува по предметот и од увид во електронското досие на предметот според Контролникот за работа на судовите се утврди дека предметот е завршен од страна на судот со мериторна одлука донесена на нејавна седница на 18.04.2024 година.

Претставка УПП бр.08-128/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Апелациониот суд Скопје по предмет ПРКЖ-698/23 поради доцнење со одлучување.Од прибавена изјава од судијата на Апелациониот суд Скопје кој постапува како судија известител по предметот ПРКЖ-698/23 произлегува дека судијата во периодот од 05.03.2024 година до 20.04.2024 година бил на боледување како објективна причина, но предметот е проучен од страна на судија и ставен за реферирање на 15.05.20204година. Постапката по предметот е во тек.Согласно наведеното, наводите во претставката се неосновани.

Претставка УПП бр.08-150/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Апелациониот суд Битола по предмет ГЖ-1556/23. Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот се утврди дека предметот во Апелациониот суд Битола е примен на ден 05.12.2023 година , се работи за сложен предмет. Судијата кој постапува по предметот наведува дека се точни наводите на подносителот дека доставил до судот две ургенции за приоритетно и побрзо решавање на предметот, со оглед дека се работело за поголем износ при што тој како судија известител, одговарајќи по овие ургенции и посебно по втората ургенција, си земал обврска да го реши предметот заклучно со месец април 2024 година. Па така на седница на Советот одржана на ден 23.04.2024 година предметот е решен, а пресудата изработена на 13.05.2024 година . Советот најде дека наводите на подносителот дека има закаснување во решавање на предметот, бидејќи рокот од три-четири месеци за решавање на овој

предмет кој е сложен и може да се решава во рок од шест месеци, во конкретниот случај нема пречекорување на оптималниот рок за решавање на ваков предмет. Согласно наведеното, наводите во претставката се неосновани.

Претставка под УПП бр.08-168/24 од анонимен подносител по која Советот одлучи да не се постапува по истата.Ова од причина што согласно член 8 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) органот не постапува по анонимна претставка, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврдено со закон.

Претседателот на Советот отвори расправа по излагањето на известителот и откако констатира дека никој не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите на известителот по изложените претставки.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

ОДЛУКА

Се усвојуваат предлозите истакнати од страна на известителот по однос на изложените претставки.

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 8-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 9-та точка од дневниот ред.

**Точка 9**

(Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување на одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл.39 ст.2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот предложи за 9-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја исклучи јавноста од седницата за 7-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставниците на медиумите и друга поширока јавност ја напуштија седницата.

[redacted]

[redacted]

[redacted]

Претседателот на Советот констатира дека е исцрпена 9-та точка од дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 10-та точка од дневниот ред.

**Точка 10**

(Разно)

● По повод 10-та точка од дневниот ред претседателот на Советот информираше за потребата од измена и дополнување на Одлуката за формирање на комисија за спроведување на избори за членови на Советот од редот на судиите бр.02-336/32 поради очигледна техничка грешка.

Предложи во став 1 точка 6 од одлуката бр.02-336/32 од 16.05.2024 година наместо „Јелена Кадриќ - Институт за човекови права - заменик член на Комисија" да стои „Јелена Ристиќ, адвокат од Скопје - заменик член на Комисија".

Претседателот на Советот отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 7 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ предлогот е усвоен и донесена е следната:

ОДЛУКА

за измена и дополнување на одлука бр.02-336/32 од 16.05.2024 година

Се врши измена и дополнување на одлука со која е формирана Комисија за спроведување на избори на членови на Советот од редот на судиите, така што во став 1

точка 6 од одлуката бр.02-336/32 од 16.05.2024 година наместо „Јелена Кадриќ - Институт за човекови права - заменик член на Комисија" да стои „Јелена Ристиќ, адвокат од Скопје - заменик член на Комисија".

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 488-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15:10 часот.

Напомена**:** Тонскиот запис и Листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник.

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Весна Дамева

Изработил: Ален Раденковиќ
Одобрил: Весна Толева